20140471396

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 21 јануари 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО–КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски (”Службен весник на Република Македонија” број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011 и 138/2012), во член 2, во табелата со поднаслов – Пакети на здравствени услуги за неврологија, по услугата АНМ15 се додава следнава табела:

Шифра	Вид на здравствена услуга	референтна цена
АНМ16	**Месечен третман на мултипна склероза**	48.720

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2014/7
3 февруари 2014
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски, с.р.